# ГОДИШНА ПРОГРАМА И ПЛАН

## ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## ЈОУДГ “Естреја Овадија Мара” Битола

**2021/2022 ГОДИНА**

***Содржина:***


- ✓ ***Вовед***
1. ***Поделба и последици од Корупцијата***
2. ***Правни прописи од областа на Корупцијата***
3. ***Јакнење на интегритетот на вработените во ЈОУДГ "Естреја Овадија Мара" Битола***
   - ***Јакнење на интегритетот на вработените***
4. ***Активности осетливи на Корупција***
5. ***Цели на Годишната програмата и планот за антикорупција за 2021/2022 година***
6. ***Планови, програми и стратеги на детската градинка***

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА ЗА 2021/2022 ГОДИНА

- **Вовед**

Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност или државно уредување. Затоа, земјите ширум светот постојано вложуваат напори за да ја подигнат свеста за корупцијата и за нејзините подривачки влијанија врз граѓаните. Не само што го нарушува процесот на носење одлуки, дотолку повеќе, корупцијата навлегува во сите пори на општествениот развој. Имено, социјалните, правните и економските сегменти на развојот се меѓусебно поврзани, па затоа појавата на корупција во еден сегмент значително влијае врз развојот на сите останати.

Корупцијата е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото. Тоа значи дека наместо да владее правото и неговите вредности, во државата во која има корупција владеат поединци кои се раководени од лични користољубиви цели. Корупцијата оневозможува остварување право на еднакви можности за успех во животот, како и еднаков натпревар на компании на пазарот на капитал и на услуги. Под корупција, во смисла на Законот за спречување на корупцијата, се подразбира „искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг“. Тоа значи злоупотреба на доверените јавни овластувања и положба за да се дојде до корист која не би требало да му припаѓа на службеното лице и кое на јавните работи им пристапува од користољубиви мотиви. Користа може да биде материјална или нематеријална, моментална или одложена, еднократна или повеќекратна, за себе или за други лица со кои службеното лице е во блиска, семејна или друг вид врска. Со оглед на карактерот на корупцијата како општествено штетна појава која постојано треба да се држи под контрола, основна стратешка цел во нејзината превенција и репресија е долгорочното оспособување и јакнење на нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна практична борба против корупцијата.

Поимот корупција потекнува од латинскиот термин **corrupcio** кој се преведува како поткупување/подмитување,расипаност/расипување, трулење и распаѓање како процес.

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под корупција се подразбира: **“злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг”, а “под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности”.**

Поединецот кој корумптивно се однесува, преку злоупотреба на својата положба, се здобива со материјална или нематеријална корист или одредени поволности, што може да бидат наменети за него или за некој друг. На овој начин одредени лица стекнуваат корист на нелегален начин, додека на други им е отежнато остварувањето на некое право кое инаку им следува.

- ❖ Ризик од корупција е каков било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција!

Годишната програма и план за антикорупција сметаме дека ќе се придонесе во спречување на било каков вид на корупција во ЈОУДГ "Естреја Овадија Мара" Битола и ќе се зајакни свеста за штетноста од коруптивното однесување.




## 1.Поделба и последици од Корупцијата

Генерално, Корупцијата може да се подели на **активна и пасивна корупција**.

Доколку некое службено лице бара, прима или прифаќа некаква корист, услуга или средства, тогаш станува збор за пасивна, а доколку се ветува или се дава нешто, тогаш станува збор за активна корупција.

Во зависност од тоа која функција ја имаат во херархиската поставеност на државата и работната позиција оние кои се сторители на коруптивни активности, како и од големината на штетата и општествената опасност што може да биде предизвикана, се разликуваат следниве типови на корупција:

1. <u>Висока корупција</u> – е онаа во која се вклучени највисоко рангираните и тоа: позиционирани функционери или политичари и најчесто вклучува злоупотреба на поголем износ на пари или влијание.
2. <u>Средна корупција</u> – е застапена кај сите службеници кои се извршители, односно кои треба да спроведуваат одлуки донесени од повисоко работно ниво, без разлика дали се работи за политичка или административна организација.
3. <u>Ниска корупција</u> – се одвива помеѓу најниските слоеви на администрацијата и тоа: јавни службеници, полицајци, здравствени работници, образовни работници, судски, царински,општествени, културни и др. вид на работници.

Постојат три видови на корупција. За да знаеме за кој вид се работи, зависи од повеќе фактори: од тоа кој се е вклучен во корупцијата, дали се работи за висок функционер или службеник од пониско работно место, колкав е износот на материјалната и нематеријалната корист, колкава е штета е нанесена, кој е оштетен, какво е долгорочното влијание, за каква форма на коруптивно однесување се работи итн.

- **Видови на Корупција: Црна корупција** ( криминална корупција );**Сива корупција** ( прекршочна корупција ) и **Бела корупција** ( правно санкционирана корупција ).




Корупцијата произведува негативни последици во општеството како што се: **неправда, политичка нестабилност, нефер конкурентност и намалување на довербата на граѓаните во државата, како и во државните и јавните институции.**

Корупцијата ги загрозува слободата на пазарот и претприемништвото, слободните,демократските и фер избори, независност на судството, вршење на јавните функции во државен интерес и во интерес на граѓаните, а не во интерес на одредени поединци или политички групи.

Корупцијата негативно влијае на уживањето и почитувањето на човековите права – граѓанските, политичките, економските, социјалните и културолошките. Корупцијата влијае на способноста на државата да ги заштитува човековите права и да ги исполнува своите обврски, особено за обезбедување функционално судство и фер судење,социјални услуги и други видови на услуги.

***Позначајни Закони кои се однесуваат на корупцијата се:*** Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси; Кривичниот законик; Законот за заштита на укажувачки и Законот за лобирање.

Во заложбите на меѓународната заедница во борба против корупцијата се донесени Конвенцијата на Обидинетите нации против корупција и Цивилната конвенција за спречување корупција.

Република Северна Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од домашното законодавство.




## 2. Јакнење на интегритетот на вработените во ЈОУДГ“Естреја Овадија Мара” Битола

Во Јавната општинска установа за деца – Детска градинка “Естреја Овадија Мара” Битола не се толерира коруптивно однесување или било каква друга форма на неетичко и неморално однесување кое е забрането со закон и таквото однесување е спротивно на кодексот на однесување во установата.

Посебен акцент во справувањето со корупцијата во 2021/2022 година ќе биде ставен на унапредување на професионалноста на вработените од кои се очекува при извршувањето на задачите од овластувањата да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност и да работат во полза на јавниот интерес и на зголемување на довербата на јавноста.

Обврска на сите вработени во Установата е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно законите и другите подзаконски акти. Потребно е секој вработен да го почитува Етичкиот кодекс на однесување, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата.

***Директорот на детската установа за деца е одговорен за отстранување на сите можности кои доведуваат до корупција и други форми на неетичко и незаконско однесување.***




## ❖ Јакнење на интегритетот на вработените

- Вработените при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси.
- да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност.
- Секој вработен е должен во своето работење да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно;
- Едуцирање на вработените во своето работење да препознаат и да се спротистават за секоја незаконска, неморална или нечесна ситуација;
- Обучување и мотивирање на вработените да одговарат на предизвиците од оваа област;
- Вработените се должни да известат, проценат во текот на работата дека определена процедура треба да се измени/дополни во насока на подобрување;
- Вработените се должни да пријават какво било коруптивно однесување или друго неетичко однесување;
- Пријавување на коруптивно однесување на лица кои што се вработени во установата е должност на секого, тоа е дел од службена должност и одговорност;
- За лицата кои извршиле било какво коруптивно или неетичко однесување должност е да се поткрени соодветна постапка.

## 3. Активности осетливи на Корупција

**❖ Најосетливи корупциски активности кои можат да се истакнат во институцијата за деца се:**

- *Вработувања;*
- *Јавни набавки;*
- *Инспекциски надзори;*
- *Управување со човечките ресурси;*

- *Политички интереси;*
- *Незаконски барања;*
- *Подароци и спонзорства;*
- *И други различни форми на судири на интереси.*

## 4. Цели на Годишната програма и планот за антикорупција за 2021/2022 година

Главните цели за подготовка на Годишната програма и план за антикорупција се насочени на намалување на коруптивното однесување за време на извршување на работните должности на секој вработен.

При извршувањето на работните задачи вработените потребно е да одржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и да се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди. Потребно е да обезбедуваат непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи, при што на граѓаните и на правните лица ќе им овозможат заштита и остварување на правата а тоа да не биде на штета на други граѓани и правни лица, ниту во спротивност со јавниот интерес.

Работните задачи потребно е да се вршат политички непристрасно, без влијание на личните политички уверувања, финансиски интереси, со доследно почитување на целите, угледот и интегритетот на ЈОУДГ "ЕстрејаОвадија Мара"-Битола

**Главни цели се:**

- *Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција*
- *Поттикнување на одговорноста на вработените како и подобрување на ефикасното работење;*
- *Почитување на законските прописи и Кодексот на однесување содветно работните позици;*
- *Етичко извршување на функциите на вработените како и своите должности на извршување;*
- *Јакнење на интегритетот на раководството и вработените во установата;*
- *Зајакната контрола и надзор во јавните набавки во склучувањето на договори и нивна анализа;*
- *Контрола во процесот на управување со јавните финансии;*
- *секој вработен е должен да обезбеди соодветни, навремени и целосни информации во делокругот на своето работење, при тоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци.*
- *Јакнење на транспарентноста во работењето;*
- *Поттикнување на јавната совест и спроведување на антикорупциска едукација или друг вид на обука;*
- *Зајакнување на довербата на вработените и мотивирање да пријават коруптивно или друга форма на неетичко однесување.*

## 5. Планови, програми и стратегии на детската градинка

❖ **Дел од своите надлежности кои ги извршува Јавната установа за деца – Детска градинка во текот на една работна година се следниве:**

- Годишен план за вработување за 2022 година;
- Извештај за реализирани вработувања;
- Годишен извештај за реализирани активности;
- Правилник за систематизација и внатрешна организација;
- Годишна програма за работа за учебната 2021/2022 година;
- Програма за здравствена заштита на децата за учебната 2021/2022 година;
- Програма за професинален развој на вработените;
- Обуки на вработените;
- Годишен план за Јавни набавки;
- Кодекс на однесување за административни работници, даватели на услуги и технички персонал;
- Заштита на животната средина во делот на градинката;
- Социјална и здравствена заштита на децата;
- Планови за отпочнување со работа на нов објект во склоп на постоечката градинка, но во друго населено место;
- Отценување на вработените;
- Годишни пописи;
- Осигурување на вработените и децата;
- Елаборати и други потребни програми;
- Раководење со финаси ( самофинансирачка и буџетска сметка );
- Планови за годишни донаци од различни одговорни компани;
- Дневници за работа на воспитните групи и градинката;
- Водење на различни евидентни обрасци кои произлегуваат од работата;
- Почитување на Законите и
- Тековни, континуирани работни обврски кои произлегуваат во текот на работењето и кои се определени со закон.

## ❖ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА ЗА 2021/2022 ГОДИНА

| Реден број | Активности | Носител на активности | Временски рок |
|---|---|---|---|
| 1. | Спроведување на интерни обуки и разговори со вработените за јакнење на свеста | Директорот на установата, Советник секретар и сите вработени | Континуирано |
| 2 | Намалување на ризиците за корупција при постапките за вработување преку стручноста и компетентност на кандидатите | Директорот на установата Оддел за административни работи | Континуирано |
| 3. | Советување за етички кодекс на однесување | Директорот на установата Оддел за административни работи Даватели на услуги | Континуирано |
| 4. | Јавно објавување на сите интерни процедури | Оддел за административни работи | Континуирано |
| 5. | Објавување на сите работни активности поврзани со работата на градинката и воспитниот процес | Директорот на установата Вработените лица во установата- даватели на услуги | Континуирано |
| 6. | Контрола врз спроведување на јавните набавки<br>- Анализа на јавните набавки | Директорот на установата Оддел за административни Работи Комисијата за јавните набавки | Континуирано |
| 7. | Обуки за јавни набавки на лицата вклучени во постапките на | Директорот на установата Оддел за административни работи | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реалзирање на јавните набавки | Комисијата на Јавните набавки | |
| **8.** | Известување на Локалната самоуправа за сите активности поврзани со институцијата и нејзиното работење | Директорот на установата Оддел за административни работи | Континуирано |
| **9.** | Потпишување на изјави за прифаќање и примање на Етичкиот кодекс за административниот работник и останатите вработени лица | Директорот на установата Оддел за административни работи | Континуирано |
| **10** | Континуирано следење на извршување на работните задачи и начинот на однесување на работното место на секој вработен | Директорот на установата | Континуирано |
| **11.** | Почитување на Законите кои се составен дел од работењето | Директорот на установата Оддел за административни и правни работи | Континуирано |
| **12.** | Запознавање на вработените со различните форми на Коруптивното однесување и неговите негативни последици | Директорот на установата Советник секретар | Континуирано |

- **Програмата и планот за антикорупција ќе се објават на веб страната:**
  - http://detskagradinka-prolet.mk/

**Директор**

____________________

Лидија Тфирст Митревска